ЈНУ Хидробиолошки завод, Охрид, своето основање во далечната 1935 година и понесување на епитетот прва научна институција на Балканот го должи на иницијативата и заложбите на академик Синиша Станковиќ, научник од светски глас, великан во лимнологијата и во научната мисла воопшто, вљубеник во Охридското Езеро, негов голем познавач и промотор.

И покрај тоа што првиот пишан податок за Охридското Езеро датира од средината на 19 век кога се поставени темелите на лимнологијата, основањето на оваа институција претставува пресврт во истражувањата на уникатното Охридско Езеро, бидејќи се создадени предуслови за продолжување на систематското проучување на Езерото и богатата флора и фауна со бројни ендемични и реликтни видови. Тогашната Хидробиолошка станица ја премостува Втората светска војна, президиумот на АСНОМ на 04.11.1944 година ја признава како драгоценост за Македонија и се залага за нејзино опстојување. Подоцна станицата ги развива своите потенцијали и прераснува во Завод организиран по угледот на две многу познати лимнолошки станици во Европа (Биолошката станица на Лунцкото Езеро во Австрија и Макс-Планк-овиот завод за лимнологија во Плон, Германија).

Во 1961 година, заводот станува самостојна научна организација која во 1994 година е запишана во регистарот на организации за научно-истражувачка дејност во Р. Македонија, а денес е институција од стратешко значење за државата.

Би сакала да истакнам дека во Заводот, уште од основањето се до денес, заедно со неговиот научен кадар, истражувања вршеле голем број научници од водечки институти од Европа и светот. Во оваа прилика ќе го споменам само научниот кадар кој работел во институтот:

- академик проф. Др. Синиша Станковиќ
- Славе Хаџишче
- Др. Ѓорги Козаров
- Др. Јонче Шапкарев
- Др. Иван Чадо
- Др. Јорданка Серафимова Хаџишче
- Др. Борис Оцевски
- Др. Милчо Точко

Па нивните ученици кои се наши драги пензионирани колеги и драго ми е што денес гледам некои од нив меѓу нас:

- Др. Васа Митиќ
- Др. Здравко Крстановски
- Др. Трајче Наумоски

- Др. Вера Новеска
- Др. Дафина Гушеска
- Др. Момчула Јорданоски
- Мр Зоран Спиркоски

Денес ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид е современа научна установа со завидна бројка на научен кадар: 12 доктори на наука и два магистри организирани во 10 одделенија.

Одделение за физичко-хемиски истражувања

Одделение за микробиологија

Одделение за фитопланктон

Одделение за зоопланктон

Одделение за хидроботаника

Одделение за фауна на дно

Одделение за ципринидна фауна

Одделение за салмонидна фауна, практично рибарство и аквакултура

Одделение за болести на риби и

Одделение за молекуларна биологија

Плодната научно-истражувачка работа на научниот кадар резултира со голем број научни трудови објавени во домашни и престижни меѓународни списанија. Научниот кадар учествува на голем број меѓународни конгреси, симпозиуми, конференции и други научни собири.

Својата активност Заводот ја проширува и преку соработка со други научни институции од земјата и странство, како и со учество во бројни национални, регионални и меѓународни научно-истражувачки проекти. Во тек е спроведување на активности по три меѓународни и два национални проекти.

Покрај тоа, институтот врши и активна мисија за заштита на животната средина преку многубројните предавања и стручни мислења од страна на научниот кадар, има многу значајна едукативна, но и просветна и културна мисија.

Хидробиолошки завод уште од основањето во 1935 година до денес, врши порибување на Охридското Езеро со вештачки оплоден и одгледан подмладок од охридска пастрмка (Salmo letnica Karaman), во различни развојни фази.

За крај сакам да истакнам дека нашата институција била, е и ќе остане столб на лимнолошките истражувања во нашата земја. Била, е и ќе биде соочена со различни

предизвици, но нејзиното место и значење мора да бидат соодветно вреднувани и признаени.

Може многу да се зборува за Хидробиолошкиот завод, за неговата историја, активности, проекти, остварувања. Но тоа ќе го оставиме за некоја друга прилика. До тогаш, нека зборуваат делата.

Д-р Орхидеја Тасевска, научен советник

Директор на ЈНУ Хидробиолошки завод, Охрид